РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 28-03-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 60 | | |

1540

( Образец ПП……)

До: ОПШТИНА Битола
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted] ул. [redacted] со телефонски број [redacted] и емаил адре[redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:///
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република С. Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
**Дали општината, односно јавните установи и јавните претпријатија под нејзина надлежност имаат склучено договор за проверка и сервисирање на противпожарни апарати и противпожарни хидранти во сите установи кои се во надлежност на општината?**
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** Битола, 28.03**.2025 година**

**Потпис**
[redacted]
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Секретар на Општина Битола

Бр.11-60/2
04.04.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-60/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

_____________________

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Секретар**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 07-04-2025
Организациона единица: 11 | Број: 60/3 | Прилог | Вредност

Бр.11-68/2 од 04.04.2025 год

До

-Лице задолжено за пристап до информации на јавен карактер

Предмет: Одговор
Врска Ваш бр.11-60 од 04.04.2025 година

Во врска со Вашето барање под горе наведениот број и дата, Ве известуваме дека Општина Битола има склучено договор за полнење и сервисирање на ПП апарати со ДПТУ Сугурност ДООЕЛ Скопје со бр.08-206 од 21.02.2025 година за објекти под ингеренции на Општина Битола кој ги вклучува објектот на Општина Битола и Советот на Општина Битола, објектот на ТППЕ Битола како и апаратите кои ги користи ТППЕ при интервенции, објектите на Културно информативниот центар Битола, Спортската сала „Боро Чурлевски" и стадионот „Петар Милошевски".

Што се однесува за јавните претпријатија и останатите јавни установи под надлежност на општина Битола, потребно е да се обратите до истите, бидејќи самостојно ги извршуваат обврските за ПП заштита.

Со почит,

изготвил:
Лорета Цуцулеска

Секретар на Општина Битола
Борче Димитровски

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 332 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-60/4
07.04.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателo[redacted] поднесено на **28.03.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-60/2025** од **28.03.2025 година**, каде бара информации дали општината, односно јавните установи и јавните претпријатија под нејзина надлежност имаат склучено договор за проверка и сервисирање на противпожарни апарати и противпожарни хидранти во сите установи кои се во наделжност на општната?

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателo[redacted]**ка,** поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-60 на ден 28.03.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации дали општината, односно јавните установи и јавните претпријатија под нејзина надлежност имаат склучено договор за проверка и сервисирање на противпожарни апарати и противпожарни хидранти во сите установи кои се во наделжност на општната?

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-60/1 од 28.03.2025
2.Допис до Секретар на Општина Битола со бр.11-60/2 од 04.04.2025
3.Одговор од Секретар на Општина Битола со бр.11-60/3 од 07.04.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 07.04.2025 година, под бр. 11-60/4.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА